РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-1435/3
12. 8. 20 22 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До
[redacted]

Предмет: Одговор на барањето за слободен пристап до информации, со ваш број 03-213/22 и наш број 03-1435/1 од 10.8.2022 година

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.5.2019 година), Ви доставуваме одговор на Вашето барање.

Вашето барање е копија од изготвената експериментална програма и развојно-истражувачки проект со кои му е доделена акредитација на Приватното средно училиште [redacted]

Ве информираме дека во Бирото за развој на образованието во наведениот период, не била доставена експериментална програма и развојно-истражувачки проект за Приватното средно училиште [redacted]

**Биро за развој на образованието**

**(Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – Ирена Борисовска)**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 03-1435/2
19.8. 2022 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр. 101/19), член 20 став 1 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на РМ” бр. 37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13, 41/14, 30/16 и 64/18), член 22 од Правилникот за внатрешна организација во Бирото за развој на образованието бр. 01-970/1 од 18.06.2015 година, и Решението за определување службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 02-135/1 од 30.01.2020 година, се донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Се одобрува барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-1435/1 од 10.8.2022 година од барателот [redacted]

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

- На 10.8.2022 година до Бирото за развој на образованието, беше доставено барање за доставување компија од изготвена експериментална програма и развојно-истражувачки проект со кои му е доделена акредитација на Приватното средно училиште „[redacted] верифицирано од страна на Министерството за образование и наука по број 11-440/7 од 06.07.2009 година.
- Барањето се разгледа од страна на овластеното лице и се констатира дека истото е основано.

Имајќи го предвид горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот
- Архивата

Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер

Ирена Борисовска

0805
трајно

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
Бр. 08-951/2
1.04 20 09 год.
СКОПЈЕ

До
Министерство за образование и наука
г-дин Дарко Митевски, државен секретар

Предмет: Мислење за приватна јазична гимназија [redacted] ЦЕНТАР, Скопје

Основачот на приватната јазична гимназија [redacted] ЦЕНТАР, Скопје, ги прифати мислењата и сугестиите на Бирото за развој на образованието за дополнување и усогласување на елаборатот за отварање на приватна јазична гимназија со наставниот план за гимназиското образование и концептот за државна матура во гимназиското образование.

Новиот предлог е доставен со наставен план и наставни програми за гимназиското образование од јавните средни училишта. Со наставниот план се одредени задолжителните и изборните предмети и задолжителните изборни програми со фонд на часови и по години на изучување.

Врз основа на приложената документација Бирото за развој на образованието смета дека настав[redacted]грами на приватната јазична гимназија [redacted]ТАР ги исполнуваат стандардите за овој вид на образование.

Исто така, Бирото за развој на образованието укажува дека за доследна примена на наставниот план и наставните програми неопходно е да се обезбедат и другите услови за овој вид на образование и редовно да се следи работата на приватната јазична гимназија

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

м-р Таше Стојановски,
раководител на одделение

Митко Чешларов,
раководител на сектор

Весна Хорватовиќ,
директор

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

0805 трајно

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
Бр. 08-8059/1
18.12 2008 год.
СКОПЈЕ

До
Министерство за образование и наука
г-дин Дарко Митевски, државен секретар

Предмет: Мислење по предмет бр 11- 9417/2 од 09.12 2008 година за основање на приватно средно училиште [redacted]

Според приложениот елаборат за основање на приватно средно училиште [redacted] Ј[redacted]Р, Скопје може да се согледа дека во него е направен обид да се прикаже концепт за гимназиско образование во којшто доминира изучување на странските јазици.

Сепак, понудениот наставен план и наставните програми за овој вид на образование не се засновани на основните дидактички барања за постапност и систематичност во изучувањето на наставните предмети, особено во делот на задолжителните (општообразовни предмети), како и во делот на изборните и предмети.

Во наставниот план прикажан во елаборатот се наведени предмети кои се подразбира дека ќе се изучуваат интегрирано (биологија, хемија и физика, како и географи ја и историја). Меѓутоа, од предлог наставните програми не може да се види ни интегрираноста, нитту обемот, ниту длабочината на изучувањето на наставните содржини од наведените предмети. Не е јасен и концептот за изборните предмети. Така, поголемиот дел од понудените предмети не се карактеристични за гимназиското образование и може да се сметаат за предмети од стручно образование (деловна етика, менаџмент, меѓународен туризам).

Со отстапувањето од постојниот концепт за гимназиско образование, при тоа не нудејќи нов конзистентно развиен концепт на наставен план и наставни програми за гимназиско образование, сметаме ќе се создадат проблеми при вклучувањето на учениците од ова училиште во полагањето на државната матура, како и за хорионтална и вертикална проодност во нашиот образовен систем.

Иако во елаборатот во делот *Државна матура во гимназико образование* се преземни предметите што ги содржи концептот за полагање на државна матура во јавните средни училишта, со понудениот наставен план и понудените наставни програми не се исполнети стандардите што се поставени за полагање на наведените предмети што ќе ги изберат учениците за полгање на државна матура.

Бирото за развој на образованието укажува дека од интерес на предлагачот е да направи дополнителни напори за целосно развивање концепт за приватно средно училиште [redacted]

м-р Таше Стојановски,
раководител на одделение

Митко Чешларов,
раководител на секторот

Весна Хорватовиќ,
директор

Република Македонија, 1000 Скопје, "Руѓер Бошковиќ" бб, тел. ++389 2 36 11 66, факс ++389 2 36 10 57, e-mail:pimak@mt.net.mk
Republic of Macedonia, 1000 Skopje, "Ruger Boskovik" bb, phone ++389 2 36 11 66, fax ++389 2 36 10 57, e-mail:pimak@mt.net.mk

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Бр. 11-9417/2
09.12.2008 година
Скопје

**ДО**
**БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Доставување барање**

Почитувани,

Министерството за образование и наука ви го доставува на ваша надлежност барањето согласност за основање на Приватното средно училиште [redacted] во Скопје, поднесено од основачот [redacted] Скопје.

[redacted] за ваше итно мислење по однос на наставниот план и програми.

Благодариме на соработката.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,**
**м-р Дарко Митевски**

**Доставено до:**
- **архивата**

изготвил: Милка Масникоса
одобрил: Елена Ивановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 9.12.2008 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 8059 | 1 | |